20220891070

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 5 април 2022 година.

Бр. 08-1665/1
5 април 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Во Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ број 42/14, 116/14, 33/15, 5/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 108/19, 275/19 и 110/21), во член 3 точката 10 се менува и гласи:

„10. Унапредување“ е движење на работник во системот на кариера, на начин што е распореден на друго работно место, кое во однос на претходното работно место е повисоко согласно со Класификацијата на работните места;“.

Член 2

Во членот 20 пред зборот „Бирото“ се додава бројот (1).

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Директорот на Бирото издава наредби од областа на оперативното работење.“.

Член 3

Пред насловот на членот 57 се додава нова точка 1, која гласи:

„1. КОНТРОЛА НАД РАБОТИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО“.

Член 4

По членот 64-а се додава нова точка 2, два нови наслови и два нови члена 64-б и 64-в, кои гласат:

„2. ПРЕВЕНТИВНИ АКТИВНОСТИ

Тест за професионален интегритет

Член 64-б

Заради спречување на корупција и злоупотреба на службената положба, а со цел јакнење на интегритетот на работниците во Министерството и превентивно дејствување, организациската единица од членот 58 од овој закон, врши проверка на интегритет преку спроведување тест за професионален интегритет на работниците во Министерството.

Спроведување на тестот за професионален интегритет

Член 64-в

(1) Проверка на професионалниот интегритет на работниците во Министерството се врши континуирано за времетраењето на работниот однос, преку спроведување тест за професионален интегритет.

(2) Тестот за професионален интегритет од ставот (1) на овој член, претставува контрола на постапувањето на работникот во Министерството во симулирана ситуација, која е идентична на неговите работни задачи и активности, без обврска за претходно известување на организациската единица во која е распореден и работи работникот.

(3) Резултатот од тестот за професионален интегритет може да биде индикатор за поведување на предистражна постапка, процена и анализа на ризикот од корупција, промена на методологијата и процедурите за работа и утврдување на видот и потребата за обука на работниците.

(4) Тестот за професионален интегритет се спроведува врз основа на План за спроведување на тестот за професионален интегритет, кој го донесува раководителот на организациската единица надлежна за внатрешна контрола во Министерството.

(5) Планот за спроведување на тестот за професионален интегритет од ставот (4) на овој член се донесува врз основа на образложена иницијатива поднесена од министерот или директорот на Бирото. Планот може да се донесе и во случај кога организациската единица надлежна за внатрешна контрола во Министерството, во рамките на своето работење ќе утврди факти, односно има сознанија за постапување на работник во Министерството, што се основ за спроведување на тест за професионален интегритет.

(6) Во текот на спроведување на тестот за професионален интегритет се почитува начелото на законитост, основните човекови слободи и права и достоинството на работникот кој се тестира.

(7) Во текот на спроведување на тестот за професионален интегритет, работникот кој се тестира не смее да се поттикнува на извршување кривично дело или повреда на службената должност и овластувања.

(8) Активностите преземени за време на тестот за професионален интегритет не претставуваат дел од посебните истражни мерки пропишани со Законот за кривичната постапка.

(9) Постапката за спроведување на тестот за професионален интегритет може да се документира на видео или аудио запис и во текот на нејзиното спроведување може да се користат легендирани средства и документи.

(10) Резултатот од тестот за професионален интегритет може да биде позитивен или негативен. Тестот има негативен резултат доколку тестираниот работник не го докажал својот професионален интегритет, односно се утврди дека при извршувањето на задачите од неговиот делокруг не постапувал согласно со закон или покажал склоност кон корупција.“.

Член 5

Во член 66 став (1) во алинејата 6 сврзникот „и“ се заменува со запирка.

Во алинејата 7 на крајот од реченицата точката се заменува со запирка и се додаваат две нови алинеи 8 и 9, кои гласат:

„- да не е член на политичка партија или член на органи и тела на политичка партија и

- да има положено тест за интегритет.“.

Член 6

По членот 70 се додаваат два нови наслови и два нови члена 70-а и 70-б, кои гласат:

„Тест за интегритет при засновање на работен однос

Член 70-а

Тестот за интегритет од членот 66 став (1) алинеја 9 од овој закон го спроведува Министерството.

Изјава за имотна состојба и интереси

Член 70-б

(1) При засновање на работен однос во Министерството, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на склучување на договор за вработување, работниците во Министерството поднесуваат изјава за имотна состојба и интереси, до надлежната организациска единица во Министерството, на образец што го пропишува Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно со закон.

(2) Работниците во Министерството се должни во рок од 30 дена да пријават зголемување на нивниот имот, односно на имотот на член на нивното семејство, како и промената на интереси, во постапка и под услови утврдени со закон, до надлежната организациска единица во Министерството, на образец што го пропишува Државната комисија за спречување на корупцијата согласно со закон.

(3) Работниците во Министерството задолжително поднесуваат изјава за имотната состојба и интереси до надлежната организациска единица во Министерството во рок од 30 дена од денот на прекинувањето на договорот за вработување.“.

Член 7

Во член 73 став (2) во алинејата 4 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со запирка.

Во алинејата 4 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додава нова алинеја 5, која гласи:

„- своерачно потпишана изјава со која кандидатот потврдува дека не е член на политичка партија или член на органи и тела на политичка партија.“.

Член 8

Во член 76 ставот (1) се менува и гласи:

„По исклучок од членот 71 од овој закон, работен однос без јавен оглас во Министерството се заснова само за работни места за кои во актот за систематизација на работните места, поради видот и природата на работните задачи, како и посебните услови под кои тие се извршуваат, е утврдено дека може да се спроведе постапка за вработување без јавен оглас.“.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Во постапката за засновање работен однос без јавен оглас, соодветно се применуваат одредбите од членот 73 ставови (2) и (3) од овој закон.“.

Член 9

Во член 103 ставот (1) се менува и гласи:

„Заради оспособување на работник за самостојно вршење на работите на одредено работно место, Министерството склучува договор за обука во траење од:

- девет месеци - со работникот од членот 77 став (2) од овој закон и
- шест месеци - со работникот кој се распоредува на работно место во организациска единица во која не се вршат исти или сродни работи со работите што се вршат на работното место од кое работникот се распоредува.“.

Член 10

Во член 107 став (1) во алинејата 4 зборовите: „во целост“ се бришат.

Член 11

Во член 113 во ставот (1) зборовите: „по негово барање или“ се бришат.

Член 12

Членот 119 се менува и гласи:

„Работник во Министерството може да биде унапреден на друго работно место кое во однос на претходното работно место е повисоко во Класификацијата на работните места.“.

Член 13

Во Глава VIII. „РАБОТНИ ОДНОСИ“ точка 4. „УНАПРЕДУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО“ во потточката 4.1. насловите на членовите 121, 122, 123, 124 и 125 и членовите 121, 122, 123, 124 и 125 се бришат.

Член 14

Во член 126 во алинејата 3 по зборот „закон“ се додаваат зборовите: „доколку е спроведен процес на оценување на работникот,“.

Во алинејата 5 зборот „непосредно“ се заменува со зборовите: „кое е најмногу до три работни места“.

Алинејата 8 се менува и гласи:

„- има обуки од областа на работите што се вршат на работното место на кое се унапредува.“.

Член 15

Во член 141 став (2) во алинејата 1 запирката се заменува со сврзникот „и“.

Во алинејата 2 сврзникот „и“ се заменува со точка.

Алинејата 3 се брише.

Член 16

Насловот на членот 146 и членот 146 се бришат.

Член 17

Во член 166 во ставот (2) зборовите: „платата утврдена со овој закон“ се заменуваат со зборовите: „основната компонента на платата утврдена во членот 141 став (2) од овој закон“.

Член 18

Насловот на членот 168 и членот 168 се менуваат и гласат:

„Забрана за членување, основање, раководење, застапување, претставување, членување во раководство на политичка партија и истакнување партиски симболи

Член 168

(1) Работник во Министерството не смее да биде член на политичка партија, да основа, раководи, да ја застапува и претставува политичката партија или да биде член на органи и тела на политичка партија.

(2) Работникот не смее да носи или да истакнува партиски симболи во просториите или во службените возила на Министерството, партиски да се организира или дејствува во Министерството.“.

Член 19

Во член 187 во точката 20) на крајот од реченицата сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка.

Во точката 21) пред зборот „основа“ се додаваат зборовите: „членува во политичка партија,“, а точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

По точката 21) се додаваат две нови точки 22) и 23), кои гласат:

„22) има негативен резултат на тестот за професионален интегритет и

23) не поднесе изјава за имотна состојба и интереси, односно не го пријави секое зголемување на својот имот, односно на имотот на член од неговото семејство, како и промената на интереси, во постапка и под услови утврдени со закон.“.

Член 20

Во членот 195 став (1) алинејата 1 се менува и гласи:

„-ќе се одлучи да се решава по некое претходно прашање или ќе се побара од надлежен орган да достави веродостојни исправи и информации за чие изготвување е потребно подолго време,“.

Во алинејата 2 зборовите: „на комисијата“ се бришат.

Член 21

Во член 196 во ставот (1) зборот „комисиите“ се заменува со зборовите: „организациската единица надлежна за спроведување постапка“.

Член 22

Насловот на членот 198 и членот 198 се менуваат и гласат:

„Организациска единица надлежна за спроведување постапка за утврдување на дисциплинска одговорност

Член 198

Постапките за утврдување на дисциплинска одговорност во случаите утврдени со овој закон, се водат во посебна организациска единица во Министерството, надлежна за спроведување постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.“.

Член 23

Насловот на членот 199 и членот 199 се менуваат и гласат:

„Постапување на организациската единица надлежна за спроведување постапка за утврдување на дисциплинска одговорност

Член 199

Организациската единица надлежна за спроведување постапка за утврдување на дисциплинска одговорност постапува согласно со одредбите од Колективниот договор на Министерството.“.

Член 24

Во член 206 став (1) во алинејата 11 на крајот од реченицата сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка.

Во алинејата 12 на крајот од реченицата точката се заменува со сврзникот „и“ и се додава нова алинеја 13, која гласи:

„-начинот на спроведување на Тестот за професионален интегритет од членовите 64-б и 64-в од овој закон.“.

Член 25

Дисциплинските постапки започнати до денот на започнувањето на примената на членовите 20, 21, 22 и 23 од овој закон, ќе се завршат согласно со одредбите на Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија” број 42/14, 116/14, 33/15, 33/15, 5/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 108/19, 275/19 и 110/21).

Член 26

(1) Работниците во Министерството, кои до денот на влегувањето во сила на овој закон не поднеле анкетни листови, се должни да поднесат изјава за имотна состојба и интереси до надлежната организациска единица во Министерството, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Анкетните листови и пријавите за промени во имотната состојба поднесени до надлежната организациска единица во Министерството, до денот на влегувањето во сила на подзаконскиот акт за формата и содржината на образецот на изјавата за имотната состојба и интереси и на образецот за пријавување промена во имотната состојба и интереси, што го донесува Државната комисија за спречување на корупцијата согласно со закон, се сметаат за поднесени изјави за имотната состојба и интереси, односно пријави за промени во имотната состојба согласно со закон.

Член 27

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Актот за организација и работа на Министерството и актот за систематизација на работните места во Министерството ќе се усогласат со овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 28

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, освен одредбите од членовите 4, 8, 20, 21, 22 и 23 од овој закон, кои ќе започнат да се применуваат по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.